**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА СИМБОЛОТ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на употреба на симболот на Управата за финансиска полиција.

Член 2

Симболот на Управата за финансиска полиција се употребува на печатена апликација, налепница, значката на финансиската полиција и униформата на финансиските полицајци.

Член 3

Како печатена апликација, симболот на Управата за финансиска полиција може да се употреби на официјални службени акти и документи, покани, честитки, признанија, благодарници, визит карти, обвивки на списи, како и на други материјали што за службени цели ги употребува Управата за финансиска полиција.

Член 4

Како налепница симболот на Управата за финансиска полиција може да се постави на двете предни врати и на капакот над моторот на службените возила на Управата за финансиска полиција.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на употреба на симболот на Управата за финансиска полиција („Службен весник на Република Македонија" број 69/2009).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. _______

__________ 2014 година

Скопје

Зоран Ставрески

Министер за финансии